# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



| | |
|---|---|
| **Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров** | **10 Октомври 2013 година Скопје** |
| **Излегува по потреба** | **Бр.15 Год.VIII** |

**www.opstinagpetrov.gov.mk** **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и
работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/ 2033-309


**Содржина:**


1. **Одлука за измена и дополнување на ДУП Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени – дел од Блок 1, Општина Ѓорче Петров-Скопје..........2**

2. **Одлука за измена и дополнување на ДУП , дел од Западна индустриска зона УМ ул.Лепенец - Блок 2, Општина Ѓорче Петров-Скопје..........6**

3. **Одлука за измена и дополнување на ДУП , дел од Западна индустриска зона УМ ул.Лепенец - Блок 6, Општина Ѓорче Петров-Скопје..........10**

4. **Одлука за утврдување на пречистен текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров..........14**

5. **Одлука за организирање на Јавна расправа по Извештај за стратегиска оцена на влијание врз животна средина на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за изградба на стопански комплекс на КП829/2, дел од КП830, дел од КП 845, 824, 859, 858, 793, 792/1, 792/2, 791, 790, 789, 788, 787, 786, 785, 784, 783, 795/1, 794, 2257, 779, 780, 781, 782, 777, 795/2, 849, 850, 851, 852, 853, 854 и дел од КП848 во КО Никиштане-општина Ѓорче Петров ..........15**

6. **Соопштение за јавна распарава..........16**


**Октомври 2013, Скопје**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на ДУП Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени – дел од Блок 1, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на ДУП Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени – дел од Блок 1, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 10.10.2013 година.

**Број 08-3172/1**
**од 10.10.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на 10.10.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на ДУП "Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени-дел од блок 1"**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на ДУП "Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени-дел од блок 1" Општина Ѓорче Петров - Скопје

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје (Службен гласник на Град Скопје бр.8/2002) и е усогласен со ГУП Скопје 2012-2022, Законот за просторно и урбанистичко планирање,(Сл. весник на Р.Македонија бр. 51/2005,137/2007, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр. 63/12).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се врши изменување и дополнување на ДУП Крајбрежен појас, локалитет Спортски терени-дел од блок 1, Општина Ѓорче Петров , Скопје, е со површина од 1,00 ха, со следни граници на опфат:

- север: осовина на ул. "Новопроектирана 4"
- исток: осовина на бул.”Македонска војска”
- југоисток: осовина на ул.”Алекса Демниевски”
- запад: улица "Мице Козар"

**Ч л е н 3**

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план е изработен од А.Д.за урбанизам, архитектура и инженеринг "ЗУАС"- Скопје, со технички број 2461/12.

Деталниот урбанистички план содржи:

## I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

### А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Вовед

1. географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
2. Историјат на планирање
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура
6. Инвентаризација и снимка на постојни споменички целини
7. Инвентаризација и снимка на изградена комунална инфраструктура
8. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
10. Состојба на природните и со работа создадени вредности
11. Извод од план од повисоко ниво

**Нумерички показатели**

### Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год. ......................... 1:5000
2. Извод од ДУП Крајбрежен појас, локалитет спортски терени ... 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога............................................ 1:1000
4. Инвентаризација на бесправни градби............................... 1:1000
5. Инвентаризација и снимка на градежен фонд .................. 1:1000
6. Инвентаризација на комунална инфраструктура................. 1:1000

## II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот
2. Географска и геодетска местоположба
3. Извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански решенија за градба
7. Економско образложение
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба
10. Сообраќајно решение
11. Нивелациски план
12. Хидротехничка инфраструктура

13. Електроенергетика
14. телефонска мрежа

**Нумерички дел**

Нумерички показатели
Билансни показатели

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите......... 1:1000
2. Регулационен и план на површини за градење.......... 1:1000
3. Сообраќаен и нивелациски план .............. 1:1000
4. Инфраструктурен план................ 1:1000
5. Синтезен план .............................. 1:1000

**Ч л е н 4**

Донесениот Деталeн урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план и сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 - 3104/3**
**Од 10.10. 2013 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на ДУП, дел од Западна индустриска зона УМ ул.Лепенец - Блок 2, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на ДУП, дел од Западна индустриска зона УМ ул.Лепенец - Блок 2, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 10.10.2013 година.

**Број 08-3172/2**
**од 10.10.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11), Советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на 10.10.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Детален урбанистички план дел од западна индустриска зона УМ ул: ЛЕПЕНЕЦ - БЛОК 2**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Детален урбанистички план дел од западна индустриска зона **УМ ул. Лепенец-блок 2**, **Општина Ѓорче Петров - Скопје**

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009 ,124/2010, 18/2011и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.142/10, 64/11, 98/11 и 169/11).

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се врши измена и дополнување на **Деталниот урбанистички план дел од западна индустриска зона УМ ул: Лепенец - блок 2, Општина Ѓорче Петров - Скопје, е со површина од 1,5 ха**, со следни граници на опфат:

- на северозапад: осовина на ул. "Лука Геров"
- на североисток: по осовината на ул..г Лепенец ",
- на југоисток: осовина на ул. "Лука Геров - 4"
- на југозапад: осовина на железница Скопје - Белград

**Ч л е н 3**

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план дел од западна индустриска зона УМ ул:Лепенец - блок 2, Општина Ѓорче Петров е изработен од ИН-ПУМА - Скопје, со технички број 144/2011.

Деталниот урбанистички план е со следната

**Содржина:**

## I.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Вовед

1. географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
2. Историјат на планирање
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура
6. Инвентаризација и снимка на постојни споменички целини
7. Инвентаризација иснимка на изградена комунална инфраструктура
8. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
10. Состојба на природните и со работа создадени вредности
11. Извод од план од повисоко ниво

**Нумерички показатели**

## Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год. ..............................1:5000
2. Извод од ДУП дел од зап. инд.зона УМ ул. Лепенец-блок 2 1:1000
3. Ажурирана геодетска подлога............................................ 1:1000
4. Документациона основа

4.1. Инвентаризација и снимка на градежен фонд .................. 1:1000

4.2. Инвентаризација на комунална инфраструктура................. 1:1000

4.3. Инвентаризација на бесправни градби.............................. 1:1000

## II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот
2. Географска и геодетска местоположба
3. Извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански решенија за градба
7. Економско образложение
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба
10. Сообраќајно решение
11. Нивелациски план
12. Хидротехничка инфраструктура

13. Електроенергетика
14. телефонска мрежа

**Нумерички дел**

Нумерички показатели
Билансни показатели

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите......... 1:1000
2. Сообраќаен и нивелациски план .............. 1:1000
3. Инфраструктурен план................. 1:1000
4. Синтезен план .............................. 1:1000

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Член 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 -3104/4**
**Од 10.10.2013 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за измена и дополнување на ДУП, дел од Западна индустриска зона УМ ул.Лепенец - Блок 6, Општина Ѓорче Петров-Скопје**

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на ДУП, дел од Западна индустриска зона УМ ул.Лепенец - Блок 6, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 10.10.2013 година.

**Број 08-3172/3**
**од 10.10.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр 5/2006) и член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.Македонија“ број 51/05,137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11 ), Советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на 10.10.2013 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за измена и дополнување на Детален урбанистички план дел од западна индустриска зона УМ ул:Лепенец - блок 6, Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука врши измена и дополнување на Детален урбанистички план дел од западна индустриска зона УМ ул. Лепенец-блок 6, Општина Ѓорче Петров - Скопје

Деталниот урбанистички план во целост ги почитува одредбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје"бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање,("Сл. весник на Р.Македонија" бр. 51/2005, 137/2007, 91/2009 ,124/2010, 18/2011и 53/11), Правилникот за поблиска содржина, размер и начинот на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на Р.Македонија бр.78/2006) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на Р.Македонија бр.142/10, 64/11, 98/11 и 169/11)

**Ч л е н 2**

Просторот за кој се врши измена и дополнување на Деталниот урбанистички план, дел од западна индустриска зона УМ ул: Лепенец - блок 6, Општина Ѓорче Петров - Скопје, **е со површина од 3,28 ха**, со следни граници на опфат:

- југозапад: по осовина на ул. "Шарпланинска"
- север: по граница на постоен ДУП дел од западна индустриска зона УМ ул: Лепенец;
- југоисток: по осовина на планирана улица. "Лепенец"

**Ч л е н 3**

Измената и дополнувањето на Деталниот урбанистички план дел од зап.инд. зона УМ ул:Лепенец - блок 6, Општина Ѓорче Петров е изработен од БИЛД Д.О.О.Е.Л - Скопје, со технички број 71/12.

Деталниот урбанистички план содржи:

**Содржина:**

## I . ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Вовед

1. географско и геодетско одредување на подрачјето на планскиот опфат
2. Историјат на планирање
3. Природни чинители
4. Создадени вредности
5. Инвентаризација и снимка на изграден градежен фонд и вкупна физичка супраструктура
6. Инвентаризација и снимка на постојни споменички целини
7. Инвентаризација и снимка на изградена комунална инфраструктура
8. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени објекти
9. Анализа на степен на реализација на важечки урбанистички план
10. Состојба на природните и со работа создадени вредности
11. Извод од план од повисоко ниво

**Нумерички показатели**

## Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год. .............................. 1: 5000
2. Извод од ДУП дел од зап. инд.зона УМ ул. Лепенец-блок 6 1: 1000
3. Ажурирана геодетска подлога............................................ 1:1000
4. Документациона основа

4.1. Инвентаризација и снимка на градежен фонд .................. 1:1000

4.2. Инвентаризација на комунална инфраструктура................. 1:1000

4.3. Инвентаризација на бесправни градби............................... 1:1000

## II.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
## А.ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вид на планот
2. Географска и геодетска местоположба
3. Извод од план од повисоко ниво
4. Планска програма
5. Плански концепт
6. Плански решенија за градба
7. Економско образложение
8. Општи услови за изградба
9. Посебни услови за изградба
10. Сообраќајно решение
11. Нивелациски план
12. Хидротехничка инфраструктура
13. Електроенергетика
14. телефонска мрежа

**Нумерички дел**

Нумерички показатели

Билансни показатели

**Б.ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. План на намена на земјиштето и градбите......... 1:1000
2. Сообраќаен и нивелациски план .............. 1:1000
3. Инфраструктурен план................ 1:1000
4. Синтезен план .............................. 1:1000

**Ч л е н 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Ѓорче Петров и потпис на претседателот на Советот на Општината.

**Ч л е н 5**

Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општина Ѓорче Петров, во рок од 30 дена од завршување на целокупната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на планот.

**Ч л е н 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се составен дел на оваа Одлука и истиот се чува во Одделението за урбанизам и просторно планирање на Општината.

**Ч л е н 7**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07 - 3104/5**
**Од 10.10.2013 год.**
**С к о п ј е**

**П Р Е Т С Е Д А Т Е Л**
**На Советот на Општина Ѓорче Петров**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за утврдување на пречистен текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за утврдување на пречистен текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров, Општина Ѓорче Петров-Скопје, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Единаесетата Седница на Советот, одржана на ден 10.10.2013 година.

**Број 08-3172/4**
**од 10.10.2013 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Р.М." бр.5/02), член 129 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Сл.Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.12/2006) и член 78њ од Статутарната одлука за измени и дополнувања на Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр. 6/2012), Советот на Општина Ѓорче Петров на 11-тата седница одржана на ден 10.10.2013 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на пречистен текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров утврдува потреба за изготвување на пречистен текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров.

Пречистениот текст на Статутот на Општина Ѓорче Петров да го изготви Комисијата за Статут и прописи и да го објави во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 07-3104/6**
**Од 10.10.2013 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател**
**Александар Стојкоски с.р.**

Врз основа на Законот за животна средина ("Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров" (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**

**За организирање на Јавна расправа по Извештај за стратегиска оцена на влијание врз животна средина на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за изградба на стопански комплекс на КП829/2, дел од КП830, дел од КП 845, 824, 859, 858, 793, 792/1, 792/2, 791, 790, 789, 788, 787, 786, 785, 784, 783, 795/1, 794, 2257, 779, 780, 781, 782, 777, 795/2, 849, 850, 851, 852, 853, 854 и дел од КП848 во КО Никиштане-општина Ѓорче Петров**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна расправа по Извештај за стратегиска оцена на влијание врз животна средина на ЛУПД за изградба на стопански комплекс на КП829/2, дел од КП830, дел од КП 845, 824, 859, 858, 793, 792/1, 792/2, 791, 790, 789, 788, 787, 786, 785, 784, 783, 795/1, 794, 2257, 779, 780, 781, 782, 777, 795/2, 849, 850, 851, 852, 853, 854 и дел од КП848 во КО Никиштане-општина Ѓорче Петров, а врз основа на Одлука за спроведување на стратегиска оцена за животна средина донесена од Градоначалникот.

**Ч л е н 2**

Известувањето за организирање на Јавна расправа ќе биде објавено во јавните гласила ″**Нова Македонија**″ **и** ″**Вечер**″ , а Извештајот за стратегиска оцена на животна средина за ЛУПД ќе биде објавен на веб сајтот на општината **www.opstinagpetrov.gov.mk,** во рок од пет работни дена од донесувањето на оваа Одлука.

**Ч л е н 3**

Заинтересираната јавност, граѓани и правни лица, можат да достават свое мислење до општината во рок од **30 дена** од објавата на Извештајот за стратегиска оцена на животна средина за оваа ЛУПД на веб страната на општината.

**Ч л е н 4**

Јавната расправа ќе се одржи во просториите на општина Ѓорче Петров (сала за Совет).

**Ч л е н 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08 – 3112/1**
**03.10.2013 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на Законот за животна средина ("Сл. Весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Законот за Просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров" (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**С О О П Ш Т Е Н И Е**
**За Јавна расправа**

**по Извештај за стратегиска оцена на влијание врз животна средина на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за изградба на стопански комплекс на КП829/2, дел од КП830, дел од КП 845, 824, 859, 858, 793, 792/1, 792/2, 791, 790, 789, 788, 787, 786, 785, 784, 783, 795/1, 794, 2257, 779, 780, 781, 782, 777, 795/2, 849, 850, 851, 852, 853, 854 и дел од КП848 во КО Никиштане-општина Ѓорче Петров**

**Се известуваат сите заинтересирани граѓани и правни лица дека Градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање Јавна расправа** по Извештај за стратегиска оцена на влијание врз животна средина на Локална урбанистичка планска документација (ЛУПД) за изградба на стопански комплекс на КП829/2, дел од КП830, дел од КП 845, 824, 859, 858, 793, 792/1, 792/2, 791, 790, 789, 788, 787, 786, 785, 784, 783, 795/1, 794, 2257, 779, 780, 781, 782, 777, 795/2, 849, 850, 851, 852, 853, 854 и дел од КП848 во КО Никиштане-општина Ѓорче Петров.

Нацрт документот на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, изготвен од ТЕХНОЛАБ Доо Скопје – Екологија, безбедност и заштита при работа, технологија, природа, ќе биде објавен на веб страната на општината www.opstinagpetrov.gov.mk, од 07.10.2013год. Во рок од 30 дена од објавата, јавноста може да доставува свое мислење по овој документ на **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk**

**Јавната расправа ќе се одржи на 09.10.2013год. во салата за состаноци во просториите на општината, со почеток во 9.00ч.**

**Број 08 - 3112/2**
**од 03.10.2013година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски с.р.**